**20150612177**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 април 2015 година.

Бр. 08-1745/1
16 април 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14 и 20/15), во членот 100 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, во стаж на осигурување се смета и времето кое осигуреникот го поминал во работен однос или самовработување со полно работно време, за кое е утврдено ослободување од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување согласно со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, и тоа:

- до 36 месеци, доколку осигуреникот е на возраст до 35 години;
- до 60 месеци, доколку осигуреникот е на возраст од 35 години до 50 години;
- до 60 месеци, доколку осигуреникот е на возраст над 50 години;
- до 60 месеци за осигуреници кои се родители на три или повеќе деца, самохран родител и член на еднородителско семејство, приматели на социјална парична помош, деца без родители и родителска грижа, жртви на семејно насилство, инвалидно лице со утврдена инвалидност согласно со Законот за вработување на инвалидни лица и лице со утврдена намалена работна способност или професионална неспособност за работа за 50% согласно со одредбите од овој закон, професионални војници на кои им престанал работниот однос согласно со Законот за служба во Армијата на Република Македонија и родители на деца со пречки во развојот корисници на посебен додаток и
- до исполнување на условите за старосна пензија утврдени со овој закон, доколку осигуреникот е на возраст над 58 години.“

Член 2

Во членот 118 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) По исклучок од ставовите (1) и (2) на овој член осигуренците од членот 100 став (3) од овој закон кои се во работен однос или самовработени лица со полно работно време и за кои е утврдено ослободување од плаќање на придонесите од задолжително социјално осигурување согласно со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, не се задолжителни членови во вториот пензиски столб за период за којшто е утврдено ослободувањето од плаќање на придонесите од задолжително социјално осигурување.“

Член 3

Се овластува Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува за периодот за којшто е утврдено ослободување од плаќање на придонесите од задолжително социјално осигурување согласно со Законот за дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија“ број 56/15).



www.pravdiko.mk